Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 08-2679/1

06.07.2026 година / viti

СКОПЈЕ - SHKUP

# СТУДИЈА

## за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Кавадарци

## СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................................................ 3
Анализа на програмската понуда.................................................................................. 4
Економска анализа и капацитет на пазарот ........................................................... 8
Заклучок.......................................................................................................................11

## Вовед

На 6.4.2026 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е доставено *„Барање за отворање радиопрограмски сервис - радио во општина Кавадарци“* (наш бр.08-1667/1 од 6.4.2026 година).

Постапувајќи согласно своите законски надлежности, Агенцијата се обрати до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) и побара информација дали има слободни фреквенции на подрачјето на општина Кавадарци за емитување радиопрограма. Од известувањето што АЕК го достави до Агенцијата видно е дека на ова подрачје има слободни радиофреквенции со следните начелни технички параметри врз основа на кои ќе се изработи техничко решение: 1. Можна локација на предавател: Голем Љубаш; 2. Ефективна израчена моќност: 300 W; и 3. Фреквенција: 99.0 MHz.

Согласно член 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, *„доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, или Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс се утврди дека има слободни радиофреквенции, или капацитети, <u>Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување јавен конкурс</u>, особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката“.*

Оттука, целта на оваа Студија е да се утврди дали постои оправданост за доделување дозвола за радиоемитување на подрачјето на Кавадарци, и тоа за музичко-говорно радио, поаѓајќи од тоа дека во доставеното Барање е наведено дека станува збор за радиостаница со *„музичко-говорен концепт“.*

Студијата се темели на анализа на постојната програмска понуда, анализа на економските перформанси на постојните радиодифузери и на потенцијалот на пазарот.

## Анализа на програмската понуда

На подрачјето на општина Кавадарци програма емитуваат две локални радиостаници – Радио Галакси-2002 и Радио Кавадарци. **Двете радиостаници имаат дозвола да емитуваат програмски сервиси - музичко-говорно радио[1].**

**Структура на планираната неделна програма (согласно програмските концепти)**

| Структура | Времетраење | |
|---|---|---|
| | РА Галакси-2002 | РА Кавадарци |
| Говорен дел | 14:40:00 | 18:54:00 |
| Музика | 129:11:00 | 112:42:00 |
| Други програмски сегменти | 24:09:00 | 36:24:00 |

Согласно програмските концепти на овие две радиостаници[2], доминантен дел од програмата што тие ја емитуваат во текот на една недела е музика, и тоа 90 % од неделната програма на Радио Галакси и 85,6 % од неделната програма на Радио Кавадарци.

Иако имаат ист формат – музичко-говорно радио, двете радиостаници **имаат сосема различен музички концепт и на публиката ѝ обезбедуваат разновидна музичка понуда**.

Имено, радиостаницата Галакси-2002 е целосно ориентирана кон забавната музика. Доминантен жанр е поп-музиката, која учествува со 62 % во вкупната музичка програма. Освен поп-музика, оваа радиостаница пријавила дека 21 % ќе емитува електронска музика и 17 % рок енд рол. За разлика од неа, Радио Кавадарци има пријавено дека најголем дел

[1] Форматот на радијата се определува со Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите, достапен на веб-страницата на Агенцијата, на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravilnik_za_formatite_na_programskite_servisi.pdf - пристапено на 20.4.2026 година

[2] Програмските концепти се достапни на веб-страницата на Агенцијата на следниот линк: https://avmu.mk/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%86%D0%B5%D0%BF%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D1%81-2/ - пристапено на 20.4.2026 година

од времето ќе емитува народна музика, застапена со вкупно 65 %. Во рамки на народната музика, новосоздадената народна музика учествува со 50 %, додека традиционалната народна музика со 15 %. Уделот на планираната забавна музика е 35 %, од кои 30 % се поп-музика и 5 % рок енд рол.

Разлики постојат и во различната јазична структура на емитуваната музика - додека Радио Галакси-2002 во најголем дел е насочена кон публиката што слуша домашна и англиска забавна музика, Радио Кавадарци е ориентирано кон слушателите кои преферираат народна музика од македонското и регионалното говорно подрачје.

**Структура на планираната музика (неделно - согласно програмските концепти)**

| Вид | Жанр | Времетраење (%) | |
|---|---|---|---|
| | | РА Галакси-2002 | РА Кавадарци |
| Народна | Традиционална | | 15% |
| | Етно/World music | | |
| | Новосоздадена народна музика | | 50% |
| | ***Вкупна народна музика*** | ***0%*** | ***65%*** |
| Популарна (забавна) | Поп | 62% | 30% |
| | Џез | | |
| | Блуз | | |
| | Рок/Рок енд рол | 17% | 5% |
| | Електронска музика/техно | 21% | |
| | ***Вкупна забавна музика*** | ***100%*** | ***35%*** |
| Класична | | | |
| Духовна | | | |
| | **Вкупна музика** | **100%** | **100%** |

Според Извештаите за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радиоемитување што овие две радиостаници ги доставија во Агенцијата, во 2025 година радиостаницата Галакси-2002 во текот на една недела емитувала музика исто толку колку што пријавила во програмскиот концепт – 129 часа и 11 минути во текот на една недела, а Радио Кавадарци емитувала музика 120 часа неделно. Точно половина од емитуваната музиката на РА Галакси во 2025 година била на македонски јазик. Висок бил и процентот на музиката од англиско говорно подрачје (44 %). Другите 6 % биле емитувана музика на српски јазик. Кај РА Кавадарци доминантна била музиката на македонски јазик (65 %), а

како втор најзастапен бил српскиот јазик (25 %). Само 10 % била емитувана музика на други јазици.

**Структура на говорниот дел од планираната неделна програма (согласно програмските концепти)**

| Видови програми | | Времетраење по вид програма (часови и минути) | |
|---|---|---|---|
| | | РА Галакси-2002 | РА Кавадарци |
| Информативна функција | Вести/ТВ-дневници | 01:30:00 | 10:30:00 |
| | Актуелно-информативна програма | 01:00:00 | |
| | Актуелно-информативна програма со документаристички пристап | | |
| | Актуелно-информативна говорна шоу-програма | | |
| | Преноси или снимки од седници на органите на власта | | |
| | Преноси или снимки од општествено-политички настани | | |
| | Информативни магазини | | |
| | Специјализирани информативни емисии | | |
| | Информативно-забавна програма | 01:40:00 | |
| | Инфо-сервис | 01:15:00 | |
| | Информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | 00:50:00 | |
| | Друга информативна програма | | |
| Образовна функција | Образовна програма | | |
| | Образовно-забавна програма | | |
| | Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација | | |
| | Документарна програма | | |
| | Документарно-забавна програма | | |
| | Образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | | |
| | Документарна програма со религиозна тематика | | |
| | Друга образовна програма | 01:00:00 | |
| Забавна функција | Забавно-информативна | 03:20:00 | 08:24:00 |
| | Забавна говорна шоу-програма | 02:30:00 | |
| | Забавно-образовна програма | | |
| | Забавно-документарна програма | | |
| | Програми со хороскоп/тарот/јасновидци или толкување соништа | | |
| | Спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини) | 01:35:00 | |
| | Радиодрама (серии, серијали, хумор и сатира) | | |
| | Музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма) | | |
| | Игри (натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри) | | |
| | Друга забавна програма | | |
| **Вкупно** | | **14:40:00** | **18:54:00** |

Согласно програмските концепти, двете радиостаници во текот на една недела заедно емитуваат 33 часа и 34 минути говорни содржини неделно. Од нив, 16 часа и 45 минути исполнуваат информативна функција, 1 час образовна функција и 15 часа и 49 минути забавна функција. Во програмата на Радио Галакси-2002 е застапена поголема разновидност на програмски содржини - оваа радиостаница емитува девет видови програми, а најзастапени меѓу нив се забавно информативните, коишто неделно се емитуваат во вкупно времетраење од 3 часа и 20 минути. Радио Кавадарци, пак, емитува само два вида програми – вести/ТВ-дневници, во траење од 10 часа и 30 минути, и забавно информативна програма, во траење од 8 часа и 24 минути. Ваквата структура покажува дека **постојната програмска понуда што ја обезбедуваат двете радиостаници заедно опфаќа разновидни говорни содржини**.

Во 2025 година, според податоците во Извештаите за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радиоемитување, Радио Галакси-2002 во текот на една недела емитувала 14 часа и 40 минути говорни содржини, а Радио Кавадарци 16 часа и 30 минути.

## Економска анализа и капацитет на пазарот

**Потенцијалната публика** на радиостаниците е определена од бројот на населението во подрачјето на кое тие емитуваат програма. Според пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија во 2021 година[3], **резидентното население во општина Кавадарци брои вкупно 35.773 жители.**

Покрај потенцијалната публика, значаен показател за потенцијалот на пазарот се и активните деловни субјекти што вршат дејност на тој тоа подрачје, бидејќи тие се **потенцијалните огласувачи** на радиостаниците. Во 2024 година во оваа општина биле регистрирани вкупно **1.674 активни деловни субјекти[4].** Најзначајни огласувачи за локалните радиостаници вообичаено се малите и средни локални претпријатија во областа на трговијата, угостителството, услугите и другите дејности што ги насочуваат своите производи и услуги кон локалното население, поради тоа што големите компании кои се насочени кон националниот и странските пазари буџетите за рекламирање почесто ги насочуваат кон радиодифузерите што емитуваат програма на државно ниво.

Податоците за економското работење на двете локални радиостаници што емитуваат програма на подрачјето на Кавадарци покажуваат дека вкупните приходи што заеднички ги оствариле во 2025 година изнесувале 5,67 милиони денари, што претставува зголемување од 1 % во однос на претходната година.

**Вкупни приходи во последните три години (во милиони денари)**

| | **2023** | **2024** | **2025** |
|---|---|---|---|
| РА Галакси-2002 | 1.20 | 1.34 | 1.38 |
| РА Кавадарци | 2.90 | 4.26 | 4.29 |
| **Вкупно** | **4.10** | **5.60** | **5.67** |

Меѓутоа, подеталната анализа покажува дека ваквиот **минимален раст** (во номинална вредност од 70 000 денари) не произлегува од раст на пазарот, туку исклучиво од

[3] https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf
[4] https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/400_Delovni_Reg_Ops_Golemina_Vraboteni_ml.px/table/tableViewLayout2/

приходите од платено политичко рекламирање што во 2025 година ги остварило Радио Кавадарци (во висина од 530 000 денари). Без нив, приходите се пониски отколку во 2024 година.

Најзначаен показател за реалната состојба на пазарот се приходите од комерцијално рекламирање, како основен извор на приходи од пазарно работење на радиостаниците. Овие приходи се најзначајниот извор на приходи за радиостаниците и најнепосредно ја одразуваат побарувачката за рекламирање од страна на огласувачите.

**Приходи од комерцијално рекламирање во последните три години (во милиони денари)**

| | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|
| РА Галакси-2002 | 1.09 | 1.25 | 1.16 |
| РА Кавадарци | 2.09 | 2.50 | 2.27 |
| **Вкупно** | **3.18** | **3.75** | **3.43** |

Анализата на приходите од комерцијално рекламирање на овие две радиостаници покажува стагнација на овој локален пазар во последните три години. Иако во 2024 година е постигнат благ раст во однос на 2023 година, веќе во 2025 година се забележува пад, и тоа кај приходите од комерцијално рекламирање што ги оствариле двете радиостаници. Овие податоци укажуваат на **стагнација на локалниот пазар и ограничен капацитет за одржливо финансирање.**

Во секоја од последните три години и Радио Галакси-2002 и Радио Кавадарци остварувале позитивен финансиски резултат, но станува збор за **минимални добивки,** што укажува на тоа дека и најмало намалување на приходите би ја довело во прашање нивната одржливост.

**Остварен финансиски резултат во последните три години (во милиони денари)**

| | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|
| РА Галакси-2002 | 0.00[5] | 0.11 | 0.02 |
| РА Кавадарци | 0.25 | 0.43 | 0.83 |
| **Вкупно** | **0.25** | **0.54** | **0.85** |

[5] во 2023 година добивката на Радио Галакси-2002 изнесувала само 4.175 денари.

Анализата на демографските, економските и финансиските показатели укажува дека локалниот радиски пазар на подрачјето на општина Кавадарци располага со ограничен реален капацитет - тој се темели на потенцијална публика од 35.773 жители и база од 1.674 активни деловни субјекти како потенцијални огласувачи, и дека приходите што од комерцијално рекламирање ги остваруваат постојните радиостаници не бележат континуиран раст туку во последната анализирана година се намалуваат, а двете радиостаници остваруваат минимални добивки.

## Заклучок

Наодите од оваа Студија покажуваат дека **не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко-говорно радио на локално ниво на подрачјето на општина Кавадарци.**

На ова подрачје веќе две радиостаници емитуваат програма и двете се музичко-говорни радија од општ формат кои нудат разновидна музика и се ориентирани кон различни целни групи на слушатели. Економската анализа покажува дека пазарот стагнира и дека има ограничен капацитет за да обезбеди одржливо финансирање.

Поднесеното барање се однесува за музичко-говорно радио, програмски сервис кој не се разликува од програмските концепти на веќе постоечките радија. Доделување на уште една дозвола за истиот формат нема да ја зголеми разновидноста на програмската понуда.

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

________________________

д-р Зоран Трајчевски